Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Сектор за анализа на
политиките и координација

- SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -
Sektori për Analizë të
Politikave dhe Koordinim

Скопје/Shkup, 6.9.2021 година/viti

# Подготовка на Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2021-2024

Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество е клучен документ кој ги содржи заложбите на Владата и органите на државната управа за унапредување на соработката со граѓанските организации и мерките за обезбедување поволна средина за развој на граѓанското општество.

Со цел директно и суштинско учество на граѓанските организации во изготвувањето на новата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2021-2024, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата во периодот 26 април – 26 мај 2021 година, преку јавен повик на својата веб-страница www.nvosorabotka.gov.mk ги покани сите заинтересирани граѓански организации активно да се вклучат со свои предлози за мерки и активности што сметаат дека треба да претставуваат дел од политиките на Владата за соработка со граѓанското општество во наредниот тригодишен период.

На 2 јули 2021 година Одделението за соработка со невладини организации организираше online состанок со претставниците на граѓанските организации што доставија предлози на мерки и активности за новата Стратегија (Фондација отворено општество – Македонија, Македонски центар за меѓународна соработка, Здружение Конект Скопје, Институт за европска политика Скопје, Рурална Коалиција Куманово,

ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Здружение за унапредување на родова еднаквост Акција Здруженска Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, Здружение за унапредување на здравствениот систем Здрав систем - здравје за сите Скопје, Здружение на просветни работници на Град Скопје, Здружение на јавни службеници на Северна Македонија Скопје, Здружение на граѓани за заштита на правата и интересите на вработените во државната администрација и заштита на државниот имот Праведни и професионални Скопје и Здружение на граѓани за заштита на животната средина Екозвон, Скопје) и членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од ресорните министерства (Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи и Министерството за локална самоуправа). На состанокот беа разгледани иницијативите на граѓанските организации, се утврди временска рамка на Акцискиот план 2021-2024 година, терминот „граѓански сектор" да се замени со „граѓанско општество", да се посвети поголемо внимание на индикаторите за мерење на успешноста на реализацијата и на проценка на фискалните импликации, институциите да ги планираат средства во своите буџети за 2022 година и да се обезбеди вклучување на малите, локални граѓански организации во консултативниот процес. За утврдување на индикаторите и фискалните импликации понудена е експертска помош од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската Унија. На состанокот се постигна согласност учесниците да продолжат со соработка како Работна група за изработка на Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2021-2024.

Работната група одржа состанок на 29 јули 2021 година, на кој се водеше начелна расправа по првиот нацрт на Стратегијата и Акцискиот план, подготвен од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и беше утврден рок за доставување на писмени мислења и конкретни забелешки до 20 август 2021 година. Во утврдениот рок беа доставени мислења од Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Фондација Отворено општество Македонија и Македонски центар за меѓународна соработка и дополнително од Министерство за информатичко општество и администрација.

Забелешките во најголем дел беа инкорпорирани во нацрт текстот на Стратегијата и Акцискиот план, што беше разгледан на состанокот на Работната група на 30 август 2021 година. На состанокот Работната група не го прифати мислењето на Министерството за финансии, оценувајќи дека забелешките не се во согласност со заложбите на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024, во делот Демократија која работи за граѓаните, за зголемување на уделот на државното финансирање и воспоставување Фонд за поддршка и развој на

граѓанското општество. Работната група препорача до 6 септември 2021 година писмено мислење да достават експертите на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ и членовите на Работната група кои имаат дополнителни укажувања, а широки консултации со граѓанските организации да се организираат преку јавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk и расправа во фокус групи организирани со поддршка на овој проект. Консултациите да се организираат по разгледување од страна на Работната група на добиените забелешки од експертите на проектот и по одржување на седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, а во текот на септември да се организира посебна фокус група со претставници на Министерството за финансии, Генералниот секретаријат, Фондацијата Отворено општество Македонија, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Здружението Конект и експерт од проектот.

Доставеното мислење со препораки од експертите на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, ќе се разгледа на online работилница со членовите на Работната група за изработка на Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2021-2024, што ќе се одржи на 14 септември 2021 година.